| **Овластувања:** | Овластено лице на подружница<br>ВСС |

| | |
|---|---|
| **Подброј:** | 6464033/28 |
| **Назив:** | **Акционерско Осигурително брокерско Друштво МИНТ ИНС АД Скопје Подужница МИНТ ИНС 29 Прилеп** |
| **Тип:** | Подружница |
| **Подтип:** | Подружница |
| **Опис:** | Подружница |
| **Адреса:** | Ул. ОРДЕ ЧОПЕЛА Бр.183 ПРИЛЕП<br>ПРИЛЕП |
| **Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра** | 66.220 Дејности на застапници во осигурување и осигурителни посредници |

**Овластени лица на подружницата**

| | |
|---|---|
| **ЕМБГ/ЕМБС:** | 2609989415001 |
| **Име:** | **КРИСТИНА ИЛИЕВСКА** |
| **Адреса:** | Ул. ТУШИН Бр.1А-7 БИТОЛА<br>БИТОЛА |
| **Овластувања:** | Овластено лице на подружница<br>ВСС |

| | |
|---|---|
| **ЕМБГ/ЕМБС:** | 2811990415051 |
| **Име:** | **АЛЕКСАНДРА КУЛЕВСКА** |
| **Адреса:** | Ул. РИСТО КАВАЛИНОВСКИ Бр.3 БИТОЛА<br>БИТОЛА |
| **Овластувања:** | Овластено лице на подружница<br>ВСС |

| | |
|---|---|
| **Подброј:** | 6464033/29 |
| **Назив:** | **Акционерско Осигурително брокерско Друштво МИНТ ИНС АД Скопје Подужница МИНТ ИНС 28 Неготино** |
| **Тип:** | Подружница |
| **Подтип:** | Подружница |
| **Опис:** | Подружница |
| **Адреса:** | Ул. МАРШАЛ ТИТО Бр.77 НЕГОТИНО<br>НЕГОТИНО |
| **Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра** | 66.220 Дејности на застапници во осигурување и осигурителни посредници |

**Овластени лица на подружницата**

| | |
|---|---|
| **ЕМБГ/ЕМБС:** | 2609989415001 |
| **Име:** | **КРИСТИНА ИЛИЕВСКА** |
| **Адреса:** | Ул. ТУШИН Бр.1А-7 БИТОЛА<br>БИТОЛА |
| **Овластувања:** | Овластено лице на подружница<br>ВСС |

| | |
|---|---|
| **ЕМБГ/ЕМБС:** | 2811990415051 |
| **Име:** | **АЛЕКСАНДРА КУЛЕВСКА** |
| **Адреса:** | Ул. РИСТО КАВАЛИНОВСКИ Бр.3 БИТОЛА<br>БИТОЛА |
| **Овластувања:** | Овластено лице на подружница<br>ВСС |

| | |
|---|---|
| **Подброј:** | 6464033/30 |
| **Назив:** | **Акционерско Осигурително брокерско Друштво МИНТ ИНС АД Скопје Подужница МИНТ ИНС 30 Велес** |
| **Тип:** | Подружница |
| **Подтип:** | Подружница |
| **Опис:** | Подружница |
| **Адреса:** | Ул. СТРАШО ПИНЏУР Бр.6 ВЕЛЕС<br>ВЕЛЕС |
| **Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра** | 66.220 Дејности на застапници во осигурување и осигурителни посредници |

**Овластени лица на подружницата**

| | |
|---|---|
| **ЕМБГ/ЕМБС:** | 2609989415001 |
| **Име:** | **КРИСТИНА ИЛИЕВСКА** |
| **Адреса:** | Ул. ТУШИН Бр.1А-7 БИТОЛА<br>БИТОЛА |
| **Овластувања:** | Овластено лице на подружница<br>ВСС |

| | |
|---|---|
| **ЕМБГ/ЕМБС:** | 2811990415051 |
| **Име:** | **АЛЕКСАНДРА КУЛЕВСКА** |
| **Адреса:** | Ул. РИСТО КАВАЛИНОВСКИ Бр.3 БИТОЛА<br>БИТОЛА |
| **Овластувања:** | Овластено лице на подружница<br>ВСС |

| | |
|---|---|
| Подброј: | 6464033/31 |
| **Назив:** | **Акционерско Осигурително Брокерско Друштво МИНТ ИНС АД Скопје,Подружница МИНТ ИНС 31 Битола** |
| **Тип:** | Подружница |
| **Подтип:** | Подружница |
| **Опис:** | Подружница |
| **Адреса:** | Ул. МИХАИЛ АПОСТОЛСКИ-ДОНЧО Бр.7 БИТОЛА<br>БИТОЛА |
| **Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра** | 66.220 Дејности на застапници во осигурување и осигурителни посредници |

**Овластени лица на подружницата**

| | |
|---|---|
| **ЕМБГ/ЕМБС:** | 2609989415001 |
| **Име:** | **КРИСТИНА ИЛИЕВСКА** |
| **Адреса:** | Ул. ТУШИН Бр.1А-7 БИТОЛА<br>БИТОЛА |
| **Овластувања:** | Овластено лице на подружница<br>ВСС |

| | |
|---|---|
| **ЕМБГ/ЕМБС:** | 2811990415051 |
| **Име:** | **АЛЕКСАНДРА КУЛЕВСКА** |
| **Адреса:** | Ул. РИСТО КАВАЛИНОВСКИ Бр.3 БИТОЛА<br>БИТОЛА |
| **Овластувања:** | Овластено лице на подружница<br>ВСС |

**Дополнителни Информации**

| | |
|---|---|
| **КОНТАКТ:** | |
| E-mail: | hristina.blazevska@mintins.mk |

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ДРУШТВОТО

### 1.1 - Назив и регистрација:

Акционерското Осигурително Брокерско Друштво МИНТ ИНС АД Скопје е основано на 23.01.2009 година, заведено во регистарот на Трговски Друштва под ЕМБС: 6464033, со ЕДБ: 4032009500778 и со Контакт е-маил: hristina.blazevska@mintins.mk

### 1.2 - Дејност и вработени

Основна дејност на Акционерското Осигурително Брокерско Друштво МИНТ ИНС АД Скопје е: 66.220 – Дејности на застапници во осигурување и осигурително посредници
Осигурителното брокерско друштво врши исклучиво брокерски работи. Осигурителни брокерски работи се: Посредување во договарање на осигурително и реосигурително покритие и при реализирање на оштетни побарувања по остварен осигурен штетен настан.
Во рамките на работи на осигурување и реосигурување Осигурителното брокерско друштво може да ги вршиследниве работи директно поврзани со работите на осигурување:

- Снимање на ризици
- Снимање и процена на штети
- Посредување при продажба и продажба на остатоците од осигурани оштетени предмети

- Воведување мерки за спречување, намалување и отстанување на штетите и ризиците кои претставуваат опасност во неживотното осигурување.

Осигурителното брокерско друштво се основа како Акционерско друштво со седиште во Република Северна Македонија кои има дозвола од Агенцијата за супервизијана осигурување на РСМ.

Осигурителното брокерско друштво врши осигурителни брокерски работи преку брокери.

Осигурителни брокерски работи може да врши осигурителен брокер, кој е во работен однос во осигурително брокерско друштво.

Осигурителен брокер има обврски согласно член 140 од Законот за супервизија на осигурувањето.

Осигурителниот брокер посредува при склучување договори за осигурување исклучиво со друштвата за осигурување основани согласно Законот за Супервизија на осигурувањето.

Осигурителниот брокер не смее да посредува при склучување договор за осигурување кој е во спротивност со член 49 од Законот за Супервизија на осигурувањето.

Во друштвото на **31.12.2025** година, вкупно се вработени **51** лица.

**1.3 - Седиште**

Седиштето на Акционерското Осигурително Брокерско Друштво МИНТ ИНС АД Скопје е на: ул. „Пиринска" бр. 52 во Скопје - Центар.

Друштвото има регистрирано девет подружници:

1. Назив: Осигурително брокерско друштво МИНТ ИНС АД Скопје – Подружница МИНТ ИНС 01 Битола
   Адреса: ул. „Григор Прличев" бр. 3 Битола, Битола.
2. Назив: Осигурително брокерско друштво МИНТ ИНС АД Скопје – Подружница МИНТ ИНС 02 Прилеп
   Адреса: ул. „Борис Кидрич" бр. 1/1-4 Прилеп, Прилеп.
3. Назив: Осигурително брокерско друштво МИНТ ИНС АД Скопје – Подружница МИНТ ИНС 03 Ресен
   Адреса: ул. „Корчиланска" бр. 74 Ресен, Ресен.
4. Назив: Акционерско Осигурително брокерско друштво МИНТ ИНС АД Скопје – Подружница МИНТ ИНС 04 Гостивар
   Адреса: ул. „Гоце Делчев" бр. 102 Гостивар, Гостивар.
5. Назив: Акционерско Осигурително брокерско друштво МИНТ ИНС АД Скопје – Подружница МИНТ ИНС 05 Прилеп
   Адреса: ул. „Моша Пијаде" бр. 230 Прилеп, Прилеп.
6. Назив: Акционерско Осигурително брокерско друштво МИНТ ИНС АД Скопје – Подружница МИНТ ИНС 06 Струмица
   Адреса: ул. „Климент Охридски" бр. 1 Струмица, Струмица.
7. Назив: Акционерско Осигурително брокерско друштво МИНТ ИНС АД Скопје – Подружница МИНТ ИНС 08 Кичево
   Адреса: ул. „Булевар Ослободување" бр. 1 Кичево, Кичево.
8. Назив: Акционерско Осигурително брокерско друштво МИНТ ИНС АД Скопје – Подружница МИНТ ИНС 09 Битола
   Адреса: ул. „Генерал Васко Карангелски" бр. 41, лам. 4 / локал 101 Битола, Битола.
9. Назив: Акционерско Осигурително брокерско друштво МИНТ ИНС АД Скопје – Подружница МИНТ ИНС 10 Битола
   Адреса: ул. „Столарска" бр. 1 Битола, Битола.
10. Назив: Акционерско Осигурително брокерско друштво МИНТ ИНС АД Скопје – Подружница МИНТ ИНС 11 Струга
    Адреса: ул. „Пролетерски Бригади" бр. 46 Струга, Струга.

11. Назив: Акционерско Осигурително брокерско друштво МИНТ ИНС АД Скопје – Подружница МИНТ ИНС 12 Охрид
    Адреса: ул. „Димитар Влахов" бр. 54 Охрид, Охрид.
12. Назив: Акционерско Осигурително брокерско друштво МИНТ ИНС АД Скопје – Подружница МИНТ ИНС 14 Гевгелија
    Адреса: ул. „Маршал Тито" бр. 96 Гевгелија, Гевгелија.
13. Назив: Акционерско Осигурително брокерско друштво МИНТ ИНС АД Скопје – Подружница МИНТ ИНС 15 Тетово
    Адреса: ул. „Јане Сандански" бр. 86 Тетово, Тетово.
14. Назив: Акционерско Осигурително брокерско друштво МИНТ ИНС АД Скопје – Подружница МИНТ ИНС 17 Ѓорче Петров
    Адреса: ул. „Ѓорче Петров" бр. 72-А Скопје - Ѓорче Петров.
15. Назив: Акционерско Осигурително брокерско друштво МИНТ ИНС АД Скопје – Подружница МИНТ ИНС 18 Дрслајца, Струга
    Адреса: Населено место без уличен систем бр. 5 Дрслајца, Струга.
16. Назив: Акционерско Осигурително брокерско друштво МИНТ ИНС АД Скопје – Подружница МИНТ ИНС 19 Скопје
    Адреса: ул. „Даме Груев" бр. 3/1-7 Скопје - Центар.
17. Назив: Акционерско Осигурително брокерско друштво МИНТ ИНС АД Скопје – Подружница МИНТ ИНС 20 Битола
    Адреса: ул. „Илинденска" бр. 1 Г Битола.
18. Назив: Акционерско Осигурително брокерско друштво МИНТ ИНС АД Скопје – Подружница МИНТ ИНС 21 Кочани
    Адреса: ул. „Маршал Тито" бр. 1-59 Г Кочани.
19. Назив: Акционерско Осигурително брокерско друштво МИНТ ИНС АД Скопје – Подружница МИНТ ИНС 23 Тетово
    Адреса: ул. „Љубо Божиноски - Пиш" бр. 129 Тетово.
20. Назив: Акционерско Осигурително брокерско друштво МИНТ ИНС АД Скопје – Подружница МИНТ ИНС 24 Куманово
    Адреса: ул. „Борис Кидрич" бр. 1 Куманово.
21. Назив: Осигурително брокерско друштво МИНТ ИНС АД Скопје – Подружница МИНТ ИНС 25 Кавадарци
    Адреса: ул. „Мито Хаџивасилев" бр. 2 Кавадарци.
22. Назив: Осигурително брокерско друштво МИНТ ИНС АД Скопје – Подружница МИНТ ИНС 26 Центар - Скопје
    Адреса: ул. „11-ти Октомври" бр. 1/1 Скопје - Центар.
23. Назив: Осигурително брокерско друштво МИНТ ИНС АД Скопје – Подружница МИНТ ИНС 27 Штип
    Адреса: ул. „Ванчо Прќе" бр. 96 Штип.
24. Назив: Акционерско Осигурително брокерско друштво МИНТ ИНС АД Скопје – Подружница МИНТ ИНС 28 Неготино
    Адреса: ул. „Маршал Тито" бр. 77 Неготино.
25. Назив: Акционерско Осигурително брокерско друштво МИНТ ИНС АД Скопје – Подружница МИНТ ИНС 29 Прилеп
    Адреса: ул. „Орде Чопела" бр. 183 Г Прилеп.
26. Назив: Акционерско Осигурително брокерско друштво МИНТ ИНС АД Скопје – Подружница МИНТ ИНС 30 Велес
    Адреса: ул. „Страшо Пинџур" бр. 6 Велес.
27. Назив: Акционерско Осигурително брокерско друштво МИНТ ИНС АД Скопје – Подружница МИНТ ИНС 31 Битола
    Адреса: ул. „Михаил Апостолоски - Дончо" бр. 7 Битола.

### 1.4 - Матичен и даночен број

Матичниот број на Акционерското Осигурително Брокерско Друштво МИНТ ИНС АД Скопје, заведено во Трговскиот регистар е: ЕМБС: 6464033.

Даночниот број на Акционерското Осигурително Брокерско Друштво МИНТ ИНС АД Скопје е: ЕДБ: 4032009500778.

Друштвото не е ДДВ обврзник.

### 1.5 – Акционери и одговорност

Акционери на Акционерското Осигурително Брокерско Друштво МИНТ ИНС АД Скопје се според Книгата на акционери издадена од Централниот депозитар на хартии од вредност:

| Р. Бр. | Име и презиме | Град | Адреса | Број на акции | % од основна главнина |
|---|---|---|---|---|---|
| (1) | Христина Ивановиќ Блажевска | Битола | ул. „Херцеговина" бр. 28А | 237 | 47,40 % |
| (2) | Марина Милошевскка | Битола | ул. „Генерал Васко Карангелески" бр. Р2/1-11 | 237 | 47,40 % |
| (3) | Ирена Стојковска | Битола | ул. „Анести Пановски" бр.43 | 26 | 5,20 % |
| Вкупно: | | | | 500 | 100,00 % |

Акционерскиот капитал на Друштвото изнесува 50.000,00 евра и се состои од 500 обични акции со номинална вредност од 100 евра во согласност со Акционерската книга.

Органите на управување и раководење на друштвото се: Собрание на акционери, Надзорен одбор и Управен одбор.

Собранието на акционери е орган во кој учествуваат и ги остваруваат своите права и интереси акционерите, односно нивните овластени претставници и застапници особено во поглед на утврдувањето на годишните сметки и употреба на чистата добивка, како и именување на членовите и разрешување на членовите на управните органи.

Управувањето со друштвото е организирано според двостепен систем на управување и го сочинуваат Надзорен одбор и Управен одбор.

Надзорниот одбор брои 4 (четири) членови, од кои 1 (еден) е Претседател на Надзорниот одбор, 1 (еден) е Независен член на Надзорниот одбор и 2 (два) членови на Надзорниот одбор.

Членовите на Надзорниот одбор се следните лица:

1. Христина Ивановиќ Блажевска, со живеалиште на ул. „Херцеговина" бр. 28А од Битола, како Претседател на Надзорен одбор.
2. Петар Чороловски, со живеалиште на ул. „Довлеџик" бр. 28 од Битола, како Независен член на Надзорен одбор.
3. Валдета Мусаи Фејзуловска, со живеалиште на ул. „Довлеџик" бр. 5А од Битола, како Член на Надзорен одбор.
4. Фросина Аневска, со живеалиште на ул. „Солунска" бр. 135А од Битола, како Член на Надзорен одбор.

Управниот одбор брои 3 (три) членови, од кои 1 (еден) е Претседател на Управниот одбор и 2 (два) извршни членови на Управниот одбор.

Членовите на Управниот одбор се следниве лица:

1. Кристина Илиевска, со живеалиште на ул. „Тушин" бр. 11А-7 од Битола, како Извршен член на Управен одбор.
2. Александра Кулевска, со живеалиште на ул. „Ристо Кавалиновски" бр. 3 од Битола, како Извршен член на Управен одбор.
3. Никола Јошевски, со живеалиште на ул. „Леринска" бр. 41-46 од Битола, како Претседател на Управен одбор.

## ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

## 2. ОСНОВА ЗА ПОДГОТОВКА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

Финансиските извештаи на друштвото се подготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со одредбите од член 469 став (2) (Обврска за водење сметководство) 472 (Водење трговски книги) од Законот за трговски друштва на РМ ("Службен весник на Република Македонија" бр. 28/2007, ......... и 120/2018), („Службен весник на РСМ" бр. 28/04...99/22). како обврска да води сметководство на начинот определен со овој закон и со прописите за сметководство, Меѓународните стандарди за финансиско известување и меѓународните стандарди за финансиско известување за мали и средни субјекти ажурирани на годишна основа и така како што се дополнети, изменети или усвоени од страна на Одборот за меѓународни сметководствени стандарди.

Друштвото ги применува сите релевантни стандарди, измени и толкувања кои се објавени во Службен весник на РМ, како и Член 129 ***од Законот за супервизија осигурувањето,*** објавен во "Службен весник на РМ" бр.27/2002, ... 3/2025, каде друштвото за осигурување е должно финансиските извештаи и консолидираните финансиски извештаи да ги поднесе на ревизија. Друштвото за осигурување е должно до Агенцијата за супервизија на осигурување да достави барање за добивање согласност за друштвото за ревизија кое го определило да врши ревизија на финансиските извештаи и консолидирани финансиски извештаи, во рок од 15 дена од денот кога го определило.

Овластениот ревизор врши ревизија и известува за:

1. билансот на состојба;
2. билансот на успех;
3. паричните текови и промените во капиталот;
4. состојбата и промените на техничките резерви;
5. состојбата и структурата на вложувањата на средствата кои ги покриваат техничките резерви;
6. состојбата и структурата на вложувањата на средствата кои ја покриваат математичката резерва;
7. состојбата и структурата на вложувањата на капиталот;
8. спроведување на прописите за управување со ризик;
9. спроведување на внатрешната ревизија;
10. начинот на водење на трговските книги;
11. квалитетот на информатичкиот систем на друштвото за осигурување;
12. точноста и комплетноста на извештаите до Агенцијата за супервизија на осигурување;
13. вреднување на билансните и вонбилансните ставки, и сметководствената политика и
14. распределбата на добивката.

Агенцијата за супервизија на осигурување детално ќе ја пропише формата и содржината на ревизорскиот извештај, како и минималниот опфат на ревизијата.

Друштвото за ревизија е должно ревизорскиот извештај истовремено да го достави до органот на управување и надзорниот орган на друштвото за осигурување и до Агенцијата за супервизија на осигурување најдоцна до 30 април во тековната година за претходната календарска година.

Агенцијата за супервизија на осигурување може од друштвото за ревизија да бара дополнителни објаснувања и податоци во врска со извештајот за извршената ревизија.

Друштвото за ревизија е должно на барање на Агенцијата за супервизија на осигурување да и ги направи достапни работните материјали од ревизијата на друштвото.

Агенцијата за супервизија на осигурување нема да го прифати извештајот за извршена ревизија ако утврди дека не се темели врз објективни податоци за финансиската состојба во друштвото, доколку не е изработен во согласност со членот 131 од овој закон и/или друштвото за ревизија при вршење на ревизијата не постапувало согласно со ревизорските стандарди и процедури.

Друштвото го применува членот 482 од Законот за трговски друштва: Одобрените финансиски извештаи со годишниот извештај за работа на друштвото, органот на управување најдоцна 30 дена од денот на нивното одобрување, но не подоцна од 30 јуни, во препис, ги доставуваат до Регистарот на годишни сметки при Централниот регистар на РМ согласно Правилникот за начинот и условите за поднесување на годишната сметка во електронска форма („Сл. Весник на РМ" бр. 7/13), и Правилникот за водење на сметководство ("Службен весник на РМ" 159/09 и 164/2010).

Годишната сметка, финансиските извештаи и објаснувачките белешки се прикажани во македонски денар (МКД). Функционалната валута на Друштвото претставува валутата на примарното економско опкружување во кое работи Друштвото и е македонскиот денар. Известавачката валута во која се прикажани годишната сметка и објаснувачките белешки е македонскиот денар (МКД).

Друштвото во согласност со член 132 од Законот за супервизија на осигурувањето друштвото за осигурување е должно најмалку во еден дневен весник, да го објави ревизорскиот извештај придружен со мислењето на ревизорот, во рок од 15 дена од усвојување на извештајот од страна на собранието на акционери, но не подоцна од шест месеци од завршувањето на календарската година на која се однесува извештајот.

Годишната сметка – финансиските извештаи на Друштвото е изготвена на база на историска набавна вредност. кои вклучуваат:

- **ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА (Образец 1);**
- **ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА (Образец 2);**
- **ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИТЕ ВО ГЛАВНИНАТА;**
- **ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ;**
- Применетите сметководствени политики и
- Други објаснувачки белешки, подготвени во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија на IFAC и други релевантни објави на IFAC прифатени и објавени во Република Северна Македонија.

Раководството ги изготви оваа Годишна сметка – финансиски извештаи и објаснувачките белешки врз основа на принципот на континуитет, земајќи ги во предвид тековните намери, веројатноста од продолжување со работењето и достапноста до финансиски извори на средства.

Извештај за работењето на друштвото согласно Член 240 од Законот за трговски друштва, Управителот - Директорот изготвува пишан извештај за работењето на друштвото, а по истекот на деловната година поднесуваат и годишна сметка, годишни финансиски извештаи и годишен извештај за работењето на друштвото.

## 2.1. Основа за подготовка и чување на сметководствената евиденција

Друштвото ја води својата сметководствена евиденција и ги подготвува своите законски финансиски извештаи во согласност се подготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со одредбите од член 469 став 472 од Законот за трговски друштва на РМ ("Службен весник на Република Македонија" бр. 28/2007, .........120/2018), со фискалната и законска регулатива во Република С. Македонија како обврска да води сметководство на начинот определен со овој закон и со прописите за сметководство, Меѓународните стандарди за финансиско известување, 471, 472, чување на финансиските извештаи од член 474 од Законот за трговски друштва.

Подготовката на Годишната сметка – финансиските извештаи и објаснувачките белешки во согласност со прифатените Меѓународните стандарди за финансиско известување во Република Северна Македонија, бара користење на определени критични сметководствени проценки кои се базирани на најдобрите познавања на раководството на тековните настани и акции. Областите коишто бараат повисоко ниво на расудување и сложеност, или области каде што претпоставките и проценките се значајни за Годишната сметка се објавени во Белешка 4.

Во подготовката на овие финансиски извештаи, Друштвото ги примени значајните сметководствени политики образложени во Белешка 3, кои базираат на сметководствените прописи и даночните прописи на Република Северна Македонија.

Основните сметководствени политики применети при составување на финансиските извештаи се наведени во понатамошниот текст. Овие политики постојано се применувани на сите прикажани години, освен ако не е наведено поинаку.

### Странски валути

### а) Функционална и известувачка валута

Ставките вклучени во Годишната сметка финансиските извештаи и објаснувачките белешки на друштвото се мерени користејќи ја валутата на основната економска средина во којашто работи друштвото ("функционална валута„).

Годишната сметка и објаснувачките белешки се претставени во македонски денари ("МКД"), којашто е функционална и известувачка валута на друштвото.

### б) Трансакции во странска валута

Деловните трансакции искажани во странска валута се искажани во функционалната валута, Македонски денари (МКД), со примена на официјалниот среден девизен курс на денот на трансакцијата. Побарувањата и обврските во странска валута се искажани во денари по средниот курс на Народната Банка на Република Македонија на последниот ден од пресметковниот период и за истите постои аналитика во странска валута. Добивките и загубите кои произлегуваат од подмирувањето на такви трансакции и од искажувањето на монетарните средства и обврски назначени во странски валути според курсот на датумот на известување се вклучени во билансот на успех.

Немонетарните ставки кои се евидентирани по историска вредност, назначени во странска валута, се курсираат користејќи го девизниот курс на денот на трансакцијата.

Немонетарните ставки кои се евидентирани по објективна вредност, деноминирана во странска валута, се курсираат користејќи ги девизните курсеви на датумот кога е определена објективната вредност.

Ставките вклучени во Годишната сметка и објаснувачките белешки на друштвото се мерени користејќи ја валутата на основната економска средина во којашто работи друштвото ("функционална валута„).

### 2.2 - Користење на проценки и расудувања

Изготвувањето на финансиските извештаи изискува од менаџментот да прави расудувања, проценки и претпоставки кои влијаат на примената на политиките и прикажаните износи на средствата и обврските, приходите и расходите. Реалните состојби може да се разликуваат од овие проценки.
Проценките и претпоставките постојано се прегледуваат. Измените на сметководствените проценки се признаваат во периодот во кој е извршена измена на проценката и во идните периоди доколку измената влијае и на идниот период.

### 2.3 - Значајни сметководствени политики

Сметководствените политики прикажани во продолжение се применувани конзистентно за сите периоди прикажани во овие финансиски извештаи.

### 2.4 - Трансакции во странска валута

Деловните промени во странска валута се искажуваат во денари според курсот важечки на денот на трансакциите. Монетарните средства и обврски искажани во странска валута на денот на известувањето се превреднуваат во денари според средниот курс важечки на денот на билансот на состојба.
Добивките и загубите од курсните разлики од монетарните средства се разлика помеѓу амортизираната набавна вредност во денари на почетокот на периодот, корегирани за ефективна камата и плаќања во текот на периодот, и амортизираната набавна вредност во странска валута вреднувана според курсот важечки на крајот на периодот.
Курсните разлики произлезени од превреднување се признаваат во билансот на успех.

Странските валути со кои работи друштвото воглавно се еврото (ЕУР.

| | 31 декември 2025 МКД | 31 декември 2024 МКД |
|---|---|---|
| ЕУР | 61.4950 | 61.4950 |
| GBP | 70.5865 | 74.1350 |
| УСД | 52.3050 | 58.8807 |
| CHF | 66.1735 | 65.1775 |

### 2.5 - Камата

Приходот од камата и расходот од камата се признава во билансот на успех според методот на стапка на вкупни трошоци. Стапка на вкупни трошоци е стапката која точно ги дисконтира очекуваните идни парични плаќања и приливи во текот на очекуваниот век на финансиското средство или обврска (или каде што е соодветно, пократок период) до сегашната вредност на финансиското средство или обврска. При пресметување на ефективната стапката на вкупни трошоци, Осигурителното брокерско друштво ги проценува идните парични текови имајќи ги во предвид договорните услови на финсискиот инструмент но не и идните загуби обештетување. Стапката на вкупни

трошоци се утврдува при иницијалното признавање на финансиско средство или обврска и не се ревидира последователно.
Пресметката на стапката на вкупни трошоци ги вклучува сите надоместоци платени или примени, трансакциски трошоци, дисконти или премии кои се составен дел на ефективната каматна стапка. Трансакциски трошоци се инкрементални трошоци кои директно можат да се припишат на стекнувањето, издавањето или отуѓувањето на финансиското средство или обврска.
Приходите и расходите од камати прикажани во билансот на успех вклучуваат:

- камати од финансиски средства и обврски по амортизирана набавна вредност со користење на методот на ефективна каматна стапка;
- камата од вложувања расположиви за продажба со користење на методот на ефективна каматна стапка.

### 2.6 - Провизии и надомести

Приходите и расходите од надомести и провизии се составен дел од склучените договори за соработка со осигурителните друштва. Останатите приходи од надомести и провизии, вклучувајќи ги финансиските услуги од страна на Осигурителното брокерско друштво се признаваат кога соодветната услуга ќе се изврши.
Кога обврска за плаќање на полисата не се очекува да резултира со повлекување на полисата, и кога ќе се изврѝ делумно или целосно плаќање на обврската тогаш провизијата од полисата се признава пропорционално во текот на периодот на траење на обврската. Останатите расходи од надомести и провизии се однесуваат на услуги што ги добива Осигурителното брокерско друштво и се признаваат како расход кога соодветната услуга ќе се добие.

### 2.7 - Приходи од дивиденди

Приходите од дивиденди се признаваат кога ќе биде утврдено правото да се прими плаќањето. Дивидендите се прикажани како дел од нето приходите од тргување или приходи од дивиденди во зависност од соодветната класификација на инструментот.

### 2.8 - Расходи од наеми

Плаќањата направени по основ на оперативен лизинг се признаваат во билансот на успех по пропорционална метода во времетраењето на закупот. Стимулансите за наеми се признаваат како составен дел од вкупните трошоци за наем, за времетраење на договорот за наем.

### 2.9 - Данок на добивка

Данокот на добивка се состои од тековен данок и се признава во билансот на успех. Согласно законската даночна регулатива, друштвата се обврзани да пресметуваат и уплатуваат данок на добивка на непризнаените расходи или на исплатени дивиденди и други распределби од добивка.
Стапката на данокот на добивка изнесува 10%.

### 2.10 - Данок на добивка на непризнаени расходи

Основа за пресметка на данокот на добивка претставува износот на непризнаени расходи утврдени со Законот за Данок на добивка, намален за износот на даночниот кредит и даночните ослободувања и олеснувања. Данок на добивка на исплатени дивиденди и други распределби од добивката Основа за пресметка на данокот на добивка претставува износот на исплатената дивиденда и другите распределби од добивката извршени во тековната година. Оданочувањето на дивидендите односно

авансите на дивидендите кои се исплаќаат во пари, се врши на денот на којшто дивидендата се исплаќа.

**2.11 - Финансиски средства и обврски**

Признавање Осигурителното брокерско друштво почетно ги признава полисите за животно и неживотно осигурување на денот кога тие се настанати и тоа сметајќи ги какоо набавна вредност провизиите од полисите. Сите останати финансиски средства и обврски почетно се признаваат на датумот на тргување на кој што Осигурителното брокерско друштво станува странка на договорните одредби на инструментот.

**ПРИХОДИ (ВО 000 ДЕНАРИ)**
**Акционерско Осигурително Брокерско Друштво МИНТ ИНС АД Скопје**
**01.01.2025 до 31.12.2025**

| Конто | Опис | Износ |
|---|---|---|
| 740200 | Приходи од брокеража | 47.385 |
| 740210 | Приходи од брокеража – агентски | 6.272 |
| 749900 | Останати приходи | 1.005 |
| 76500 | Приходи од наплатени отпишани побарувања | 1.968 |
| 765200 | Останати неспомнати приходи – (јавни набавки) | 1.117 |
| 769000 | Останати приходи (од вработени) | 19 |
| 769001 | Останати приходи (приходи по книжни одобренија) | 1.771 |
| 76990 | Приходи од наплата по судски одлуки | 99 |
| 779200 | Приходи од наплатени нотарски услуги од тужби | 3 |

Вкупните приходи во 2025 година се во износ од 59.639 иљади денари, а во претходната 2024 година приходите се во износ од 26.903 иљада денари.
Приходите Осигурителното брокерско друштво ги остварува од провизии од продажба на полиси за осигурителни друштва.

***ОБВРСКИ 31.12.2025*** ***(ВО 000 ДЕНАРИ)***

| Конто | Опис | Износ |
|---|---|---|
| 220000 | Обврски кон добавувачи во земјата | 5.814 |
| 22001 | Добавувачи – физички лица | 0 |
| 220100 | Обврски кон добавувачи – осигурители компании | 18.274 |
| 22100 | Обврски кон добавувачи во странство | 0 |
| 2220 | Обврски за примени аванси, депозити и кауции | 0 |
| 233000 | Обврски за данок од добивка – ДБ | 130 |
| 234000 | Персонален данок – од плата | 113 |
| 234200 | ПИОМ – од плата | 386 |
| 234400 | Здравствено осигурување – од плата | 154 |
| 234500 | Придонес за дополнително осигурување – од плата | 10 |
| 234600 | Придонес за вработување – од плата | 25 |
| 235000 | Обврски за персонален данок – закуп | 14 |

| | | |
|---|---|---|
| 235200 | Персонален данок – други услуги и договор на дело – физички лица | 182 |
| 235300 | Персонален данок за регрес за годишен одмор – К15 | 0 |
| 240000 | Нето плата | 1.366 |
| 242000 | Обврски за регрес годишен | 0 |
| 252000 | Претплата | 244 |
| 252100 | Обврски по договор на дело – физички лица | 0 |
| 253100 | Обврски за закуп – физички лица | 139 |
| 259000 | Краткорочни обврски по основ на цесии | 0 |
| 25940 | Останати краткорочни обврски | 0 |
| 262000 | Обврски за краткорочен кредит | 0 |
| 262010 | Обврски за краткорочна позајмица – правни лица | 19.428 |
| 262100 | Обврски за позајмица – физички лица | 3.777 |
| 292000 | Обврски при посредување во осигурување – полиси | 2.433 |

**2.12 - Деприснавање**

Осигурителното брокерско друштво ги депризнава финансиските средства кога ги губи правата од договорот за паричните текови од средството, или кога ги пренесува правата на паричните текови од средството со трансакција во која сите ризици и награди од сопственоста на финансиското средство се пренесени на друг. Секој остаток од пренесените финансиски средства кои се креирани или задржани од Осигурителното брокерско друштво се признава како посебно средство или обврска. Осигурителното брокерско друштво ги депризнава финансиските обврски кога обврските определени во договорите се подмирени, откажани или истечени.

**2.13 - Нетирање**

Финансиските средства и обврски се нетираат и нето износот се прикажува во билансот на состојбата само кога Осигурителното брокерско друштво има законско право да ги нетира признаените износи и има намера да ги порамни трансакциите на нето основа или да ги реализира плаќањата истовремено. Приходите и расходите се презентираат на нето основа само доколку тоа е дозволено со сметководствените стандарди, или за добивки и загуби кои што произлегуваат од групи на слични трансакции.

**2.14 - Принцип на мерење според амортизирана набавна вредност**

Амортизираната набавна вредност на финансиско средство или финансиска обврска е износот според кој што финансиското средство или обврска се мерат при почетното признавање, намален за отплатите на главницата, плус или минус акумулираната амортизација со употреба на методот на ефективна каматна стапка на било која разлика помеѓу почетно признаениот износ и износот при доспевањето, намалена за евентуалните загуби поради оштетување.

**2.15 - Принцип на мерење според објективна вредност**

Објективната вредост на финансиските средства и финансиските обврски се базира на нивната котирана пазарна цена на активен пазар. За останатите финансиски инструменти објективната вредност се утврдува со користење на техники за вреднување. Техниките за проценка вклучуваат употреба на информации за постигнатите цени на скорешни, нормални, комерцијални трансакции помеѓу запознаени, доброволни странки (ако се достапни), повикување на тековната пазарна цена на друг инструмент, кој е во суштина ист; анализа на дисконтираните парични текови; и други алтернативни модели за определување на цената.

**2.16 - Загуби поради оштетување**

Осигурителното брокерско друштво, најмалку на годишна основа, проценува дали постојат објективни докази за оштетување на финансиските средства кои не се мерат според објективна вредност преку билансот на успех или на група финансиски средства. Финансиските средства се оштетени кога објективни докази покажуваат дека оштетувањето настанало по почетното признавање на средството, и истото има влијание на идните парични текови кои можат веродостојно да се проценат. Осигурителното брокерско друштво анализира докази за оштетување за кредитите и побарувањата и хартиите од вредност на поединечна основа.

Објективен доказ дека финансиските средства (вклучувајќи ги и сопственичките хартии од вредност) се оштетени може да вклучува доцнење или неисполнување на обврските на должникот, реструктуирање на кредитот од страна на Осигурителното брокерско друштво според поповолни услови кои Осигурителното брокерско друштво инаку не ги одобрува, индикации дека должникот или издавачот на хартиите од вредност банкротирале, исчезнување на активен пазар за хартиите од вредност, или други воочливи информации за група на средства како што се негативни промени во платежниот статус на должникот или издавачот на хартиите од вредност во групата, или економски услови кои соодветствуваат со неисполнување на обврските на групата.

Загуба поради оштетување на средствата евидентирани по амортизирана набавна вредност се мери како разлика помеѓу сметководствената вредност на финансиските средства и сегашната вредност на очекуваните парични текови, дисконтирани со оригиналната ефективна каматна стапка на средствата. Загубите поради оштетување се признаваат во билансот на успех и се рефлектирани во сметката за исправка на вредноста за кредити и аванси. Каматата на оштетените средства продолжува да се признава преку амортизација на дисконтот. Доколку во наредниот период износот на загубата поради оштетување се намали, загубата се анулира низ билансот на успехот. Загубите поради оштетување на вложувањата расположливи за продажба се признаваат со пренесување на кумулативната загуба која е признаена директно од главнината во билансот на успех. Кумулативната загуба која се пренесува од главнината во билнсот на успех е разлика помеѓу набавната вредност, намалена се сите исправки на вредност претходно признаени во билансот на успех. Промените во посебната резерва како резултат на временската вредност на парите се признаваат како компонента на приходи од камата.

Доколку во последователен период, објективната вредност на оштетени расположливи за продажба должнички инструмети се зголеми и зголемувањето може да биде објективно поврзано со настан кој се случил откако загубата поради оштетување била признаена во билансот на успех, загубата се анулира низ билансот на успех. Сепак, секое последователно зголемување на објективната вредност на оштетени расположливи за продажба сопственички хартии од вредност се признава директно во главнина.

**2.17 - Определување по објективна вредност преку биланс на успех**

Осигурителното брокерско друштво ги определува финансиските средства и обврски по објективна вредност преку биланс на успех, кога:

- средствата и обврските се управувани, проценети и прикажани по објективна вредност;
- определувањето ја елиминира или значајно ја намалува сметководствената неусогласеност која може да настане;
- средствата или обврските содржат вградени деривативи кои значајно ги менуваат паричните текови кои инаку би произлегувале од договорот.

Финансиски средства определени по објективна вредност преку биланс на успех вклучуваат финансиски средства чувани за тргување.

**2.18 - Парични средства и паричен еквивалент**

Паричните средства и паричниот еквивалент го сочинуваат паричните средства во благајна, депозити по видување кај банките, како и високоликвидните финансиски средства со оригинален рок на достасаност од три или помал од три месеци, кои се предмет на незначителен ризик од промена на нивната објективна вредност, и со нејзините краткорочни обврски. Паричните средства и паричниот еквивалент се евидентираат по амортизирана набавна вредност во билансот на состојба.

**2.19 - Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања**

Преземените средства врз основа на ненаплатени побарувања се признаваат по законски извршена постапка за преземање односно откако е стекната правна основа за запишување на сопственоста. Преземените средства врз основа на ненаплатени побарувања се признаваат по пониската од набавната и проценетата објективна вредност намалена за очекуваните трошоци за продажба. Истовремено со признавањето на преземеното средство, побарувањето се депризнава од билансот на состојба. Осигурителното брокерско друштво прави проценка на вредноста на преземените средства најмалку еднаш во текот на една година и при тоа преземените средства се мерат според пониската вредност од сметководствената и проценетата објективна вредност намалена за очекуваните трошоци за продажба. Кога проценетата објективна вредност на преземеното средство е помала од неговата набавна вредност, загуба за оштетување на преземеното средство се признава во билансот на успех. Преземените средства се депризнаваат при продажба на средството или кога средството трајно ќе се повлече од употреба. Реализираниот вишок при продажба на средството се признава во билансот на успех на датумот на продажба.

**2.20 - Средства и обврски за тргување**

Средства и обврски за тргување се оние средства и обврски кои Осигурителното брокерско друштво ги стекнува главно со цел продажба или повторно откупување во блиска иднина, или кои ги чува како дел од портфолио за остварување на добивка во краток рок. Средствата и обврските за тргување почетно се признаваат и последователно се мерат по објективна вредност во билансот на состојба, а трансакциските трошоци директно се признаваат во билансот на успех. Сите промени во објективната вредност се признаваат како дел од нето приходи од тргување во билансот на успех. Средствата и обврските за тргување не се рекласификуваат последователно по нивното почетно признавање.

**2.21 - Кредити и побарувања**

Кредитите и побарувањата се недеривативни финансиски средства со фиксни или предвидливи плаќања кои не се котирани на активен пазар и кои Осигурителното брокерско друштво нема намера да ги продаде веднаш или во блиска иднина. Кредитите и побарувањата почетно се признаваат по објективна вредност плус инкременталните директни трошоци, а последователно се мерат по амортизирана набавна вредност со употреба на методот на ефективна каматна стапка.

**2.22 - Вложувања**

Вложувањата почетно се искажуваат по нивната објективна вредност, во случај на хартии до вредност кои не се според објективна вредност преку билансот на успех, зголемена за директните трансакциони трошоци и последователно се мерат во зависност од нивната класификација. Вложувања чувани до достасување Средствата чувани до достасување се финансиски средства со фиксни или одредени периоди на отплата и со фиксно достасување кои Осигурителното брокерско друштво има намера и можност да ги чува до периодот на достасување. Средствата чувани до достасување се проценуваат по амортизирана набавна вредност, со употреба на методот на ефективна каматна стапка. Продажба или рекласификација на значителен износ на средствата чувани до достасување далеку од нивниот период на достасување ќе предизвика рекласификација на сите средствата чувани до достасување како расположливи за продажба, а Осигурителното брокерско друштво нема да може да класификува вложувања како чувани до достасување во тековната и следните две години.

**2.23 - Вложувања расположливи за продажба**

Вложувања расположливи за продажба се финансиски средства кои не се чуваат заради тргување, кои не се одобрени од Осигурителното брокерско друштво, ниту се чуваат до периодот на достасување. Инструментите расположливи за продажба ги вклучуваат државните записи, обврзниците издадени од државата и вложувањата во сопственички инструменти. Вложувањата расположливи за продажба се прикажуваат според нивната објективна вредност, со исклучок за финансиските средства коишто немаат котирана пазарна цена и чијашто објективна вредност не може веродостојно да се измери, коишто се мерат по набавна вредност намалена за загубите поради оштетување. Приходот од камата се признава во билансот на успех со употреба на методот на ефективна каматна стапка. Приходот од дивиденда се признава кога на Осигурителното брокерско друштво ќе и биде утврдено правото да се прими плаќањето. Добивките или загубите од курсни разлики на должничките инструменти расположливи за продажба се признаваат во билансот на успех. Промените во објективната вредност на вложувањата расположливи-за-продажба се евидентираат во капиталот се додека вложувањата не се продадени или оштетени кога износот признаен во капиталот се носи во билансот на успех.

**2.24 - Недвижности и опрема**

**2.24.1 - Признавање и мерење**

Недвижностите и опремата се искажани според набавна вредност намалена за акумулираната амортизација и загуби од оштетување. Набавната вредност ги вклучува трошоците кои што се директно поврзани со стекнувањето на средството. Набавениот софтвер кој е неопходен за функционирање на соодветната опрема се признава како дел од таа опрема. Кога делови од ставките од недвижности и опрема имаат различен корисен век, тие се евидентираат како одделни ставки (главни компоненти) на недвижностите и опремата.

Осигурителното брокерско друштво располага со следниве основни средства:

| Конто | Опис | Износ во 000 МКД |
|---|---|---|
| 012 | Постројки и опрема | 441 |
| 013 | Транспортни средства, алат, погонски и канцелариски инвентар и мебел | 1.544 |

**2.24.2 - Последователни издатоци**

Издатоците направени за замена на дел од недвижностите и опремата се додаваат на сметководствената вредност на средството кога е веројатно дека ќе има идни економски користи за Осигурителното брокерско друштво и трошоците на истиот може да се измерат веродостојно. Трошоците на секојдневното одржување на недвижностите и опремата се признаваат во билансот на успех како трошоци како што настануваат.

**2.24.3 - Амортизација**

Амортизацијата на недвижностите и опремата се пресметува по пропорционална метода на начин да се отпише набавната вредност на средствата во текот на нивниот употребен век на траење. Годишните стапки на амортизација, според нивниот употребен век на траење, за тековниот и претходниот период се како што следи:

Градежни објекти 2,5 %

Опрема 10 - 25 %

Методот на амортизација, корисниот век на употреба и остатокот на вредноста се ревидираат на секој датум на известување.

Амортизација кај осигурителното друштво е како што следи:

| Конто | Опис | Износ во 000 МКД |
|---|---|---|
| 0192 | Акумулирана амортизација на Постројки и опрема | 58 |
| 0193 | Акумулирана амортизација на Транспортни средства, алат, погонски и канцелариски инвентар и мебел | 325 |

**2.25 - Нематеријални средства**

Осигурителното брокерско друштво располага со следниве основни средства:

| Конто | Опис | Износ во 000 МКД |
|---|---|---|
| 003 | Софтвер | 408 |
| 0093 | Акумулирана амортизација на Софтвер | 46 |

**2.25.1 - Мерење и признавање**

Нематеријалните средства набавени од Осигурителното брокерско друштво се искажани според набавна вредност намалена за акумулираната амортизација и акумулирани загуби поради оштетување.

**2.25.2 - Последователни издатоци**

Последователни издатоци за нематеријалните средства се капитализираат само кога ја зголемуваат идната економска полезност вклучена во специфично средство на кое се однесуваат. Сите останати издатоци се признаваат во билансот на успех како трошоци како што настануваат.

**2.25.3 - Амортизација**

Амортизацијата се признава по пропорционална метода на начин да се отпише набавната вредност на средствата во текот на нивниот употребен век на траење. Годишните стапки на амортизација, според нивниот употребен век на траење, за тековниот и претходниот период се како што следи:

Софтвер 25 %

Лиценци 25 %

Методот на амортизација, корисниот век на употреба и остатокот на вредноста се ревидираат на секој датум на известување.

**2.26 - Средства земени под наем - наемател**

Наеми со кој се пренесуваат суштински сите ризици и награди својствени за сопственоста на изнајменото средство се класифицирани како финансиски наеми. При отпочнување на наемот, финансискиот наем се евидентира по помискиот износ од објективната вредност и сегашната вредност на минималните плаќања за наемот. Последователно, средството се евидентира во согласност со сметководствената политика на Осигурителното брокерско друштво за тоа средство. Останатите наеми се оперативни наеми и изнајмените средства не се признаваат во билансот на состојба на Осигурителното брокерско друштво.

**2.27 - Загуби поради оштетување на нефинансиските средства**

Нефинансиските средства на Осигурителното брокерско друштво се разгледуваат на секој датум на изготвување на билансот на состојба со цел да се определи дали постојат објективни докази за оштетување. Ако постои ваква индикација, се проценува износот на средството кој би бил наплатлив.

Загуба поради оштетување се признава доколку сметководствената вредност на дадено средство или за единицата која генерира пари, а на која и припаѓа средството, го надминува неговиот надоместлив износ. За средството што не создава во голема мера независни парични приливи, надоместувчкиот износ се утврдува за единицата која генерира пари, а на која и припаѓа средството. Единицата која генерира пари е најмалата група на средства која може да се идентификува која што генерира парични приливи од континуирана употреба коишто во голем степен се независни од парични приливи од други средства или групи на средства.

Загубите поради оштетување се признаваат во билансот на успех. Надоместувачкиот износ на дадено средство или за единицата која генерира пари претставува повисокиот износ од објективната вредност на средството намалена за трошоците за продажба и неговата употребна вредност. При проценката на употребната вредност, проценетите идни парични текови се дисконтираат до нивната сегашна вредност со употреба на дисконтна стапка пред оданочување која ги одразува тековните пазарни проценки на временската вредност на парите и ризиците специфични за средството.

Загубата поради оштетување на дадено средство се анулира доколку постои индикација дека загуба поради оштетување признаена за средството можеби веќе не постои и има промени во проценките користени за утврдување на надоместувачкиот износ. Зголемената сметководствена вредност на дадено средство, како резултат на анулирање на загуба поради оштетување, не треба да ја надмине сметководствената вредност која би била определена (нето од амортизацијата) кога не би била признаена загуба поради оштетување на средството во претходните години.

**2.28 - обврски по кредити, издадени должнички хартии од вредност и субординиран долг**

Обврските по кредити, се извори на финансирање на Осигурителното брокерско друштво. Осигурителното брокерско друштво ги класификува инструментите на капиталот како финансиски обврски или сопственички инструменти во согласност со природата на договорените услови на инструментот. Депозитите и обврските по кредити, почетно се искажуваат по нивната набавна вредност, којашто претставува објективна вредност на примениот надомест, зголемена за трансакциските трошоци. Последователно се мерат по амортизирана набавна вредност, со употреба на методот на ефективна камата.

**2.29 - Резервирања**

